# МАРИА ПАВЛОВСКА
# MARIA PAVLOVSKA







Јуни 2001 ДЛУМ Скопско Лето

# ЦРНО–БЕЛИ РАСКАЗИ

Секоја искрена слика е поезија. Сликата на свој посебен начин е чиста поезија. Моето сликарство рецитира со форми исклучиво сликарски и во тоа има предност пред поетскиот израз, а сепак тајните се откриени.

Во тој поглед и размисла овој проект го нарекувам ЦРНО–БЕЛИ РАСКАЗИ. Претставувам серија слики, мали формати во разни димензии кои подредени ви низа го поделуваат и оплеменуваат црно–белиот простор, претставувајќи така една целина, серија раскази, запишани тајни, откриени за светот во мене и околу мене... свесно оддалечувајќи се од секаква реална форма како би била слободна во своите кажувања. Претставата во делата се збир на фрагмети, погледи, како одраз на стварноста сочинета од секвенците на живеењето и сеќавањето.

Ги барам екстремните ситуации, поттикот што ќе ме занеми, налути, за да создадам и „запишам“. Го опфаќам ликовното внатрешно ткаење со еден здив од својот немир, обработувајќи преку кривата, неспокојна, извиткана линија дела, кои спојувајќи ги, формираат раскази за еден период, време, контакт, разговор, допир, конфликт, случки... раскази за светот, просторот во мене и околу мене.

Редуцирањето на боите и преовладувањето на цртежот во делата се наметна како доминантен елемент во самиот процес на истражувањето И конципирањето на целосната поставеност, како знак на битисувањето со размисла глобално дека и покрај сè, секоја ситуација завршува црно или бело, да–не, може–неможе, имаш или немаш итн.

Поставувањето на црно белиот простор и сериите на црно бели дела во него влијае на естетската доживеалица што е и главна цел.

Секоја поставена серија дела претставува еден расказ, една драма, случка со свој почеток и крај, а бидејќи станува збор за апстракна лирична асоцијативност, дозволено е на другите да го „прочитаат својот расказ“ на свој начин. Сликарство се крева до границите на симболичното доколку насликаниот „предмет“ не само ја означува идејата туку е И самата таа.

Делата претставуваат запис, опстојуваат како вид документ, како жив сведок на времето во кое опстојувам. Го пренесувам оној сублимат од виденото, доживеаното, осознанието што е во аналогија на мојот темперамент, афинитет и поглед на свет. Пренесеното како запис е форма на мојта замисла, допир до тоа и мисла. Таа расте во идејата, желбата и идејата за творење настанува импулсивно, врие, потоа постои, живее, зрачи. Всушност, претставувам динамична појава, која ги репетира сите карактеристики на виталниот процес.

Уште повеќе ја нагласувам димензијата на животворноста во творењето преку цртежите, линијата потегот на замислата и доживувањето како о–живување на настанот раз–живување, како внатрешно до–живување пред, за време, и по творечкиот акт.

**Авторот**



## МАРИА ПАВЛОВСКА

Родена 02.10.1975 во Скопје, Р. Македонија
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек сликарство во класата на проф. Симон Шемов, во 1999г
Тековно посетува постдипломски студии на истиот факултет–запишана 99/00. Член е на ДЛУМ од 1999 г.
**Адреса:** Иван Аговски 11 II/17; 91000 Скопје ; Р. Македонија;
Тел. (++ 389) (0)2 367–034

**Самостојни изложби 1999:**
– Скопје, Македонија, Прва самостојана изложба, Галерија „Стоби"
– Охрид, Македонија, Дом на култура „Глигор Прличев"
– Струга, Македонија, Народен Музеј „Вангел Коџоман"
– Скопје, Македонија, Музеј на современа уметност
**2001:** – Скопје , Македонија, ДЛУМ, Скопско лето

**Групни изложби 1996:**
– Скопје, Македонија, „Curriculum Vitae" проект со Евгенија Дамиевска, Музеј на град Скопје"

**1997 :** – Скопје, Македонија, Слики и скулптури, Галерија Даут Пашин Амам
– Скопје, Македонија, Mail Art & Book Art, Галерија Анима
– Скопје, Македонија, „Хаос во акција" проект со Евгенија Дамиевска, Музеј на град Скопје
– Скопје, Македонија, Отисок од природа, Галерија МКЦ
– Скопје, Македонија, Фондација од семејството на проф. Борко Лазевски, ФЛУ

**1998:** – Скопје, Македонија, Фондација од семејството на проф. Борко Лазевски, ФЛУ

**1999:** – Скопје, Македонија, Цртежи, Галерија ДЛУМ
– Скопје, Македонија, Зимски салон, Музеј на современа уметност
– Љубљана, Словенија, „ACTA NON VERBA"
– Сараево, Босна и Херцеговина, „ACTA NON VERBA" Сараевска зима

**2000:** – Скопје, Македонија, Ново примени членови ДЛУМ
– Скопје, Македонија, Ревијална изложба ДЛУМ–Музеј на град Скопје
– Скопје, Македонија, Цртеж 2000 ДЛУМ
– Скопје, Македонија, Мал формат ДЛУМ
– Скопје, Македонија, Мал формат КИЦ
– Скопје, Македонија, 5 Биенале на млади, Музеј на Современа Уметност

## MARIA PAVLOVSKA

Date of birth: 02.10.1975, Skopje, Macedonia.
Graduated at the Faculty of Fine Arts, Dept. of Painting in class of prof. Simon Semov in1999. Now attends postgraduate studies at the same faculty. Member of DLUM (Artists Association of Macedonia) from 1999
**Address:** Ivan Agovski 11 II/17; 1000 Skopje; R. Macedonia
Telephone: (++ 389) (0)2 367-034

**Personal exhibitions 1999:**
- Skopje, Macedonia, First personal exhibition, Gallery Stobi
- Ohrid, Macedonia, House of Culture "Gligor Prlicev"
- Struga, Macedonia, Public Museum "Vangel Kodzoman"
- Skopje, Macedonia, Museum of Contemporary Art
**2001:** - Skopje , Macedonia, DLUM, Skopje Summer Festival

**Group exhibitions 1996:**
- Skopje, Macedonia, "Curriculum Vitae" project with Evgenija Damnievska, Museum of the City of Skopje

**1997:** - Skopje, Macedonia, Paintings and Sculptures, Gallery Daut Pasin Amam
- Skopje, Macedonia, Mail Art & Book Art, Gallery Anima-Skopje, Macedonia, "Chaos in action" project with Evgenija Damnievska, Museum of the City of Skopje
- Skopje, Macedonia, Prints of the Nature, Youth Cultural Center
- Skopje, Macedonia, Paintings, Faculty of Fine Art

**1998:** - Skopje, Macedonia, Paintings, Faculty of Fine Art

**1999:** - Skopje, Macedonia, Drawings, Gallery DLUM
- Skopje, Macedonia, Winter Gallery - DLUM, Museum of Contemporary Art
- Ohrid, Macedonia, House of Culture "Gligor Prlicev"
- Ljubljanja, Slovenia, "ACTA NON ACTA"
- Saraevo, Bosnia and Hercegovina, "ACTA NON ACTA", Winter Festival

**2000:** - Skopje, Macedonia, DLUM
- Skopje, Macedonia, DLUM-Museum of the City of Skopje
- Skopje, Macedonia, 2000 DLUM
- Skopje, Macedonia, DLUM
- Skopje, Macedonia, KIC
- Skopje, Macedonia, 5 Bienal of joung, Museum of Contemporary Art

Куратор,текст и дизајн: Мариа Павловска
Превод:Силва Ковачева – Илиевска Подготовка и Печат:НИП „Нова Македонија" А.Д. – РЕ Печатница Тираж:400

Kurator and text, Ley-out: Maria Pavlovska
Translation: Silva Kovačeva - Ilievska Prepres and print: NIP „Nova Makedonija" A.D. Copies: 400

Juni 2001 DLUM Skopje Summer Festival

# BLACK AND WHITE STORIES

Every sincere painting is frequent poetry in its own special way. My painting recites in exclusively art forms, though the secrets are revealed.

In that since I call this project BLACK AND WHITE STORIES I present a series of paintings, small format, in different dimensions, which, put in a row divide and refine the black and space, representing a whole, a series of stories, representing a whole, a series of stories, written secrets, revealed to the world in me and around me... consciously moving away from every real form so it could be free in its renderings. The presentation in works of art is a sum of fragments views as a reflection of the reality made of the sequences of living and recollection.

I look for the extreme situations, the encouragement that will make me speechless make me angry, so I could work and " write it down ". I embrace the artistic inner weaving with one breath of my restlessness, making works of art through curved and restless line, which put together, form stories about a period of time, a contact, a conversation, a touch, a conflict, incidences... stories about the world, the space in me and around me.

The reduction of colors and the prevailing of the drawing in the work of art is a dominant element in the process of research and the conception of the whole production, as a sign of existence and with the thought that no matter the situation, everything ends black or white, yes or no, can or cannot, you have or you don't have etc.

The setting of the black and white space, and the series of black and white paintings in it, has an influence on the esthetic experience, which is the main aim.

Every series of works presents one story, one play, an incident with its own beginning and its own ending, and because in the works there is some abstract lyrical association, it is allowed the other people " to read their story " in their own way. The art of painting is brought to the limits of the symbolic, as far as the painted " object " not only determines the idea, but it determines itself too.

The works of art are an inscription, a type of document, like a living witness of the time in which they survive. I transfer the sublimate of what I have seen, experienced and found out, which is in analogy with my character and my view of the world. The transmitted as an inscription is a kind of thought of mine, a touch of that. It grows in to he idea, the desire and the will for creating, happens impulsively, boils, then it exists, lives and radiates. In fact I present a dynamic appearance that repeats all characteristics of the vital process.

I emphasize the dimension of liveliness in the creating even more though drawings, lines, the move of the imagination and the experience as the reviving of the event an its living as an inner experience that happened before, during and after the act of creating.

**The Author**











